Поканата

Себастијан Фицек

Планините се тивки, ѕвездите ѓи крунисуваат чудесно,
- а сепак времето трепери дури и пред нив.
Ах, во мојата дива душа
Засолниште најде за ноќта, бездомната вечност.

Рајнер Марија Рилке

Полошо од осаменоста е да се биде со луѓе
меѓу кои се чувствуваш осамен.

Кој е безгрешен меѓу вас,
нека го фрли првиот камен.

Евангелие по Јован, 8:7

Пролог

Дали знаеше дека на Земјата, само еден краток период, размножувањето не било фатално?“ праша сивокосиот маж, налевајќи ѝ коњак, иако таа одби. Со својот фрак, бела кошула со копчиња и лакирани чевли кои светеа како површината на пијано, тој ја потсетуваше на пингвин. Таа поцврсто ја навлече преголемата бањарка што ја беше подготвил за неа по туширањето.

„Сексуално преносливи болести како сифилис и гонореја, потоа опасноста од породување“, ѝ објасни тој, лижејќи ја горната усна. „Незаштитениот секс сега, како и тогаш, многу често чини живот.“

Во каминот потпукнуваа дрва, а звукот ја потсети на утрото на последниот ден од декември. Кога сè беше сè уште во ред, кога мајка ѝ сè уште не беше избегала со друг маж, а татко ѝ не се опиваше пред шест часот попладне. Затоа можеше да запали мали петарди со него во дворот до гаражата на Еди. Тоа беше последен пат кога го беше видела.

Дали тато е сè уште жив? Се надевам дека не.

„Имаше само еден период кога навистина можевме да го правиме ова слободно, без да го очекуваме најлошото. Знаеш на кој период мислам?“

Таа отпи од пијалакот со боја на килибар, чувствувајќи ја пријатната, одамна изгубена топлина во себе, и се проколна себеси. Го знаеше тоа. Во моментот кога стариот чудак го беше спуштил страничниот прозорец и ја повика во автомобилот. Знаеше дека нешто не беше во ред со

типот. Очите и лицето му изгледаа неприродно. Можеби имаше направено лифтинг на лицето или ботокс. Како да носеше маска лишена од емоции, слична на гуштер.

Но, веројатно ќе се качеше во неговиот автомобил дури и да му крвавеа очите. Сè беше подобро од уште една ноќ на минус седум степени под сводовите на железничкиот мост на плоштадот Штутгарт. И на прв поглед, се чинеше дека погодила џекпот: мерцедес С класа, куќа со двојна гаража, најмалку шестотини квадратни метри луксуз со подно греење и бањарка што ја грееше повеќе од зимската јакна од „Берлинер Штадмисион[1]“. Од друга страна, неговото пијано брборење беше неподносливо и веројатно укажуваше на тоа што тој сè уште го очекуваше од неа за возврат вечерва.

„Тоа беше периодот кога беа откриени антибиотиците, а исто така и хормоналните контрацептиви. Но, траеше само кратко време пред да се појави СИДА-та. Само петнаесет години, од крајот на шеесеттите до почетокот на осумдесеттите. Во историјата на човештвото, тоа беше само еден момент.“

Пингвинот се насмеа и го отвори дрвениот сандак што стоеше пред двојниот прозорец. Тој гледаше кон задната градина и беше обезбеден со закривени бели метални решетки, како сите прозорци на приземјето од куќата.

„Не е ли тоа парадоксално? Чинот на создавање живот отсекогаш бил и сè уште е поврзан со ризикот од смрт.“

Тој извади платнена торба од сандакот. „Ова е за тебе.“

Таа погледна во торбата што пингвинот ја стави на софата како да е врека за ѓубре.

„Ајде, распакувај ја.“ Тој ја зеде чашата коњак од нејзината рака.

Едно по едно, таа ги извади парчињата облека од торбата: светлосиво здолниште, едноставна женска долна облека, бела блуза со надуени ракави.

1 Берлинер Штадмисион — Хуманитарна организација на Лутеранската црква на Берлин, Бранденбург и Шлезија Горна Лужица, основана во 1877 година

„Облечи се!“ Тој ѝ даде знак да почне, и таа послуша. Пингвинот ѝ беше ветил триста евра, од кои сто веќе ги имаше ставено под влошката на нејзините чевли. Ја фрли наметката на подот и прво ја навлече долната облека.

„Сврти се“, нареди тој кога облече сè. Облеката ѝ стоеше како ракавица. Изгледаше сосема нова, но мирисаше на свежо испрана.

„Совршено“, рече пингвинот.

Ја турна од дневната соба (која ја беше нарекол салон) кон раскошните мермерни скалила што водеа до првиот кат. Боса, таа правеше чекор по чекор. Се искачуваше, но имаше чудно чувство како да се спушта во леден подрум.

„Дојди овде!“

Таа го следеше во бањата, која беше поголема од станот во висококатницата Нојкелн од која нејзиниот пијан татко прво ја беше исфрлил мајка ѝ, а потоа и неа.

„Види колку убаво ти стои“, се воодушеви пингвинот, ставајќи ја чашата коњак на работ од џакузито.

Таа накратко погледна кон огледалото со златна рамка над двојните мијалници, но потоа повторно погледна надолу. Немаше ништо природно во таа сцена. Еден пијан маж, кој сигурно имаше најмалку педесет и пет години, облечен во фрак, и четиринаесетгодишно девојче кое трепереше од страв и студ.

„Неверојатно. Може ли да ти ја скратам косата?“

Таа ги крена рамената. Во споредба со барањата што си ги беше замислила, ова барање беше сепак безопасно.

„Плаќаш дополнително за косата.“

„Нема проблем“, рече тој, а таа му поверува. Само часовникот на неговата рака ѝ кажуваше дека е многу богат човек. Веројатно можеше да ѝ плати илјада евра за секое влакно, а дури и да не го забележи тоа на сметката.

„Чекај, можеби би можела само да ја кренеш косата, тоа ќе биде доволно“, рече тој и ѝ пријде со сериозен израз на лицето. Таа ги затвори очите и почувствува како непознатиот човек ѝ нанижа неколку шноли во косата, а потоа се повлече и плесна со рацете, смеејќи се.

„Сега, малку сјај за усни и пудра. Премногу си бледа.“

Девојчето почувствува како човекот ѝ мачка нешто на усните, а потоа ѝ го допре лицето со четка. Производите мирисаа убаво, но сепак се чувствуваше лошо.

„Ова е неверојатно“, го слушна како вели, а сега звучеше тажно. „О, само да знаеш на кого ме потсетуваш.“ Мажот дишеше тешко. Гладно го вшмукуваше воздухот со стиснати усни. Можеше да го почувствува мирисот на коњак во неговиот здив, но и нешто друго, нешто горчливо.

„Ајде!“ Ја зеде за рака и ја одведе од бањата во ходникот, две соби подалеку. „Изгледаш исто како неа.“

„Како кого?“ се осмели таа да праша.

„Дури и гласот ти е сличен.“

„За кого зборуваш?“

Застанаа пред една подотворена врата.

„Шшш.“ Мажот го стави показалецот на нејзините усни. „Поставуваш премногу прашања. Таа е молчалива личност.“

Потоа ја турна во собата. Таа беше сон на секоја девојка, во пастелна виолетова и бела боја. Орманите, малата софа, многуте перници на прекривката - сè хармонично се совпаѓаше. Дури и тортата на малата тоалетна масичка имаше виолетов фил. На неа гореа најмалку десетина свеќи. Венец што одговараше на тортата висеше над креветот. На него пишуваше: *Среќен роденден*, со розови букви на сребрена фолија. Таа го виде својот лик во неа, но не се препозна себеси.

„Честитки, драга моја“, рече човекот зад неа.

Се сврте кон него. „Што треба да значи ова?“

Тој кимна со главата кон неа, со солзи во очите. „Среќен четиринаесетти роденден“, рече тој и ја затвори вратата зад себе. Го заврте клучот двапати, а потоа го извади.

Помош!

Грлото ѝ се стегна, како пингвинот да ѝ ставил невидлива јамка околу вратот.

Тој се приближи, дишејќи тешко и повторно си ги оближа усните.

„Те молам, може ли да си одам?“ праша таа. Гласот ѝ трепереше од страв.

Премногу доцна.

Очите на старецот се стеснија како нешто да го заслепува.

„Никогаш не било толку совршено, Марла“, рече тој.

„Која е Марла?“

Кога сечилото блесна, таа се изненади како ножот толку брзо стигна во раката на пингвинот.

„Дали знаеше дека само црвената боја симболизира живот, љубов, а исто така и смрт?“ праша тој.

Потоа прободе. Еднаш. Двапати. Продорот на сечилото звучеше како човек да гмечи излупен портокал со голи раце. Почувствува како нешто во неа да се распрсна, како тешка стаклена чаша што паѓа на тврд под. Го почувствува повеќе отколку што го слушна. Таа вресна погласно од кога било во животот. Беше како да ја испрскал со воден пиштол. Трепна, ја сврте главата настрана, инстинктивно си ги протри очите и виде сè низ црвена магла. Ѝ се слоши.

Почувствува како крв ѝ капе од челото во устата додека испушташе гргорливи крици.

„Те молам, не, не!“ завиваше таа, но беше предоцна.

Пингвинот си ја пресече каротидната артерија. Сè што можеше да чуе беше како тој збивта: „Жал ми е, посилно беше од мене, Марла.“ Потоа не слушаше ништо повеќе, бидејќи сè беше завршено.

Мажот, кој прво си го беше забодел ножот во двете очи, а потоа и во грлото, беше мртов.

Глава 1

Четири години подоцна

Пет години пред одлуката

Според статистиката, повеќето луѓе што умираат од природна смрт умираат помеѓу два и пет часот наутро. Нема податоци за најчестото време на смрт во случаи на убиство.

Барем Марла Линдберг не знаеше ништо за ова, иако нејзиниот дневник можеше да им даде некои индиции на статистичарите. Нејзината душа, на пример, беше убиена на 23 април, во осум и пол часот наутро, во дневната соба од куќата на нејзините родители во Далем. Конечната смрт се случи четири години подоцна, во една екстремно жешка рана летна вечер, во напуштеното породилиште во Берлин-Ванзе.

Точно во 19:51 часот. За само неколку минути.

Марла излезе од малиот, раздрнкан автомобил што ѝ го обезбеди курирската служба. Работеше со скратено работно време за „Кери и Ко“ откако ги беше поминала завршните испити од матурата. Требаше да земе слободен ден денес. Жештината ја печеше како отворена рерна. Ја избриша потта од челото и повторно го погледна телефонот.

Тука?

Според „Гугл мапс“, стоеше пред вистинската зграда, иако не се чувствуваше така. Дури и пристапниот пат до

зградата изгледаше чудно. На кружниот свод од тули под кој беше поминала покрај празната портирница пишуваше „Клиника Шилфхорн“. Но, тука немаше шанси да постои функционална болница - самиот асфалт беше страшно испукан и обраснат со плевел, а да не ги спомнуваме дотраените бараки покрај патот. Но сепак, Марла не се сврте веднаш назад, туку продолжи, следејќи ја навигацијата.

Тука и таму, се појавуваа обновени дрвени куќарки со логоата од стартап компании кои очигледно веруваа дека оваа морбидна област обезбедува потребна креативна средина за нивните бизнис-модели.

И така, таа се најде пред огромна шесткатна зграда со рамен покрив и скршени прозорци. Светлите фасадни панели беа испишани со нечитливи графити.

Марла отиде до задниот дел од автомобилот и го отвори багажникот.

Таа вообичаено доставуваше намирници или нарачки од ресторан. Фактот дека денес мораше да биде курир беше новост за неа. Нарачката пристигна преку директна порака на „Ватсап“ од нејзиниот раководител на смена, Стив, токму кога се беше подготвувала да го паркира автомобилот и да заврши со смената.

Сосема заборавив: Последна достава за денот. Шилфхорн 18–24, зграда 14, соба 012. Веќе го ставив пакетот во багажникот. Важно: Испораката мора да биде точно во 19:49 часот. Ни порано, ни подоцна.

Со почит, С.

Колку чудна задача.

Никогаш порано временската рамка не била толку тесна, до минута. Но, ако имаше едно нешто по кое Марла беше позната, тоа беше прецизноста и точноста, и секако нејзиниот работодавач го знаеше тоа.

Погледна на часовникот.

Беше 19:34. Имаше уште добри два часа до зајдисонце, и таа се прашуваше колку мрачна мора да изгледа

зградата во облик на кутија за чевли во темница. Дури и на сонце, оставаше морничав впечаток на напуштено место без иднина. *Исто како мојот дом од детството*, помисли Марла, иако на прв поглед, куќата на нејзините родители во Далем немаше ништо заедничко со оваа клиника. Неупатените, ѕиркајќи преку густата зимзелена жива ограда кон влезот со столбови на семејната куќа на Линдберг, можеа само да помислат колку мора да е среќно едно дете да расте во таква средина, гледајќи ги внимателно уредената чакална патека и топлата светлина во прозорците на раскошната куќа. Дека изгледот може да лаже, сфатија соседите и минувачите пред четири години, кога ноќта на 22 април, само неколку часа пред нејзиниот четиринаесетти роденден, армија од возила за итни случаи, чии сини светла трепкаа диво, се паркираа пред имотот на Линдберг на „Подбјелски але“. Следното утро, кога Марла се врати од патувањето во Франкенвалд со хорот, токму навреме за нејзината планирана роденденска забава, дневната соба сè уште беше полна со полицајци.

Полицајката беше премногу млада за да ѝ се довери толку трагична задача, напиша подоцна на хартија за време на терапијата. Психологот ја советуваше да си пишува писма затоа што тоа ќе ѝ помогне да се справи со она што се беше случило.

Полицајката ја беше отворила вратата и ја однесе Марла кај нејзината мајка, Теа. Теа седеше на софата, зјапајќи празно во студениот камин.

„Левен?“ Марла го извика во паника името на својот сакан постар брат. Таа помисла, дека нешто му се случило на брат ѝ, ѝ дојде лесно, зашто тој веќе беше на рехабилитација по вторпат на деветнаесетгодишна возраст. Но, полицајката беше јасна: „Жал ми е, душо. Твојот татко е мртов.“

Грабежно убиство во луксузна населба, така гласеше насловот во таблоидот следниот ден, иако такво кривично дело не постоеше во кривичниот законик. Сензационалната вест беше неточна и од други аспекти. Немаше грабеж, ниту убиство во куќата на Линдберг. Обдукцијата докажа,

без сенка на сомнение, дека Едгар Линдберг извршил самоубиство. Неговото проштално писмо, пронајдено во сефот, го откри обемот на незамисливо длабоката бездна во која на крајот намерно скокнал.

Најдраѓа Марла,

Те сакам толку многу, дете мое, што тоа е болно одвратно. Копнеам по тебе на начин на кој татко никогаш не треба да копнее по својата ќерка. Сфаќам дека сум болна личност со подли, одвратни мисли. За да не те повредам тебе, ги повредував другите. Постојано барав девојчиња кои ме потсетуваа на тебе, кои личеа на тебе. Ги облекував како што се облекуваш ти. Никогаш ништо не се случи, се колнам, иако заклетвата на ѓубре од човек како мене, е безвредна.

Исто како што никогаш не сум кренал рака врз тебе, никогаш не сум кренал рака ниту врз тие кутри девојчиња што ги барав насекаде. На интернет и на улиците. Ниту една не беше толку убава како тебе, ниту една не можеше да се спореди со твоето убаво лице. Моите мисли стануваа сè поморбидни, сè позаканувачки. Можеби забележа. На почетокот, кога спиеше, седев до твојот кревет. Подоцна, кога беше постара, лежев под него. Те слушав како дишеш во сон. Ги допирав твоите прсти додека раката ти висеше преку работ на креветот, а твојата дланка речиси ја допираше мојата глава.

Бев твојата сенка, те гледав од зад ѓрмушките покрај училишната ограда. Стоев спроти тебе на пероните на метрото додека се враќаше од часовите по пијано.

Понекогаш се вртеше, го забрзуваше темпото и сакав да ти викнам дека не си во никаква опасност. Дека бев твој ангел чувар, а не гонител.

Но, потоа ѝ кажа на мајка ти за твојата сенка. За твојот мрачен придружник, кого го чувствуваше во телото. Таа го отфрли како имаѓинарен пријател, како што имаат многу деца. Но, двојцата знаевме дека она што ти

предизвикуваше морници не беше имаѓинарно. И Теа на крајот го сфати тоа. Таа ја откри мојата шминка, лажната брада и веѓите што ги користев за да се маскирам за да не ме препознаеш веднаш кога ќе поминам покрај тебе во пешачката зона. Никогаш не го спомена тоа, но ја напушти нашата спална соба и се држеше на дистанца од мене. Од една страна, ми беше полесно да поминувам повеќе време гледајќи те. Од друга страна, мојот самопрезир неизмерно се зголеми.

Ти си сè уште млада, моја прекрасна мила. Еден ден, кога ќе дојде вистинското време, мама ќе ти дозволи да го прочиташ ова писмо. Дотогаш, се надевам дека ќе можам да те ослободам од товарот на моето постоење барем со тоа што ќе имам достоинство да кренам рака на себе, а не на некој друг. Можеби еден ден ќе ме разбереш. Не зошто толку многу те посакував. Нема оправдување или прошка за тоа. Туку да ме разбереш, зошто се казнив себеси за тоа, убивајќи се во моментот на мојата најголема слабост.

Писмото заврши со последна, тажна изјава на љубов.

Проследена со постскриптум.

А постскриптумот беше најлошото нешто во врска со прошталното писмо на Едгар.

Глава 2

Марла го избрка комарецот што сакаше да се спушти на нејзиното лице. Сфати дека веќе некое време гледа во отворениот куфер - повторно парализирана од своите визии. Беа поминале четири години, а сепак речиси не помина ниту еден ден без да помисли на својот татко.

И сè уште можеше да го почувствува. Неговата сенка. Неговиот здив.

П.С: Заминав. Но, секогаш ќе бидам со тебе.

Во право си, Едгар.

Дури и во мислите му се обраќаше исклучиво по неговото име, за емоционално да се дистанцира од него. Залудно. Тој самиот беше напишал: секогаш ќе биде со неа.

Но, беше погрешил во врска со прошталното писмо.

Мајка ѝ не го криеше за да ја поштеди ќерка си. Откако форензичкиот тим го беше ослободил писмото, Теа не се двоумеше ниту секунда пред да ѝ го предаде на Марла. Претходно, таа беше распослала низа исечоци од весници на кујнската маса, а нивните наслови носеа слична порака:

Девојчињата требало да изгледаат како неговата мала ќерка! Нови откритија во сензационалното самоубиство на Едгар Л: перверзниот агент за луксузни недвижности ги облекувал девојчињата што ги наоѓал на улица

за да изгледаат како неговата ќерка пред да изврши самоубиство од срам.

И сето тоа е твоја вина, Марла!

Зборови што нејзината мајка никогаш не ги изговори, но Марла ги чувствуваше како да биле изговорени на глас.

Ги гледаше во прекорувачкиот поглед на Теа, ги доживеа во игнорирањето со кое ја казнуваше. Ги почувствува како болка, дента кога нејзината мајка ѝ беше кажала дека повеќе не може да живее во нивната куќа со неа и дека мора да се пресели кај баба ѝ, Марго.

Ќерката беше разбудила неприродна, незаситна желба кај нејзиниот татко, а Теа Линдберг се потсетуваше на ова секој ден кога го гледаше лицето на Марла.

Барем тоа беше теоријата на д-р Џамал Бајаз, детскиот психолог кај кого Марла беше почнала да оди на терапија за траума, кратко откако мајка ѝ ја испрати да живее кај нејзината баба. Д-р Бајаз предложи терапија со писма, а Марла ѝ се довери и за својата параноја.

Понекогаш чувствувам дека Едгар е секогаш со мене. Дека постојано ме гледа. Не можам да го видам, но можам да ја почувствувам неговата сенка. Кога возам велосипед до дома од продавница или се возам со метро до мојот час по пијано. Ноќе, сè уште се плашам да ја пуштам раката да ми виси од креветот, од страв дека може да ме повлече кон себе.

Психологот ѝ даде методи што требаше да ја ослободат од овие халуцинации, но ништо не помогна. И, за жал, Марла беше доволно глупава да ѝ го покаже овој текст на својата најдобра другарка, Кора Ајхингер, која веднаш го сподели со целиот клас. Не е ни чудо што прекарот „Лудата Марла“ брзо се рашири низ училиштето.

Сè поради тебе, Едгар.

Соучениците на Марла не ја малтретираа отворено, туку ја избегнуваа. Како она што ѝ се беше случило да

беше резултат на некој несреќен вирус, а самата Марла беше многу заразна. Изолацијата, фактот дека во единаесетто одделение беше сметана за аутсајдер, ја фрли Марла во депресија, и којзнае, можеби ќе тргнеше по стапките на својот татко, да не беше *тој.*

Килијан.

Како и во секое училиште, во гимназијата „Хоенштајн“ имаше незабележливо мнозинство момчиња. А меѓу нив имаше неколку поединци кои се издвојуваа од сивата маса во училишниот двор како поп-ѕвезди. Килијан беше една од тие ѕвезди. За разлика од Марла, тој намерно се држеше настрана. Сите го сакаа на своите забави, но тој ретко прифаќаше покани. Таа, од друга страна, сакаше да оди, но не добиваше покана. Дури и брат ѝ Левен мислеше дека Килијан е кул, иако вообичаено немаше време за луѓе на негова возраст - а камоли за тинејџери - освен ако не му продаваа марихуана или не му плаќаа во улога на диџеј. Всушност, Левен беше тој што ја запозна Марла со „единствениот кул тип во нејзината генерација“, откако тој и Килијан се беа запознале во продавница за плочи во Нојкелн. Иако двете момчиња имаа ист вкус за музика, токму една расправија ги беше зближила Марла и Килијан. Тоа се случи за време на час по филозофија, каде што од сите беше побарано да смислат мото што ќе ги води низ животот. Сметајќи ја задачата за малку бесмислена, Килијан се потсмеваше: *Животот е премногу краток за да го трошиш на моментална мудрост.*

Марла му се спротивстави и рече дека мудроста не ја губи својата смисла само затоа што ја цитираат филозофите од кујнската маса. Нивната дебата доминираше на часот и продолжи и следниот ден. Во сензационален стил, Килијан не само што призна дека Марла го убедила, туку очигледно беше толку импресониран од нејзиното животно мото, што го истетовира на подлактицата!

Секој човек има два животи.
Вториот започнува во моментот
кога ќе сфатиш дека имаш само еден.

Со овој видлив знак на препознавање, беше започнало нивното платонско пријателство (или беше и повеќе од тоа?). Самоуверениот, самоназначен осаменик и неодлучната, отфрлена девојка почнаа да зборуваат за своите студии и лични работи, разменувајќи ги тетратките и дискутирајќи за своите грижи, сè додека не се запознаа подобро, дури и од некои вереници. Нивната меѓусебна доверба беше достигнала толку далеку, што дури и си дозволуваа еден на друг да си ги читаат дневниците.

Сега јато птици прелета високо над езерото Ванзе, одвлекувајќи ја Марла од нејзините мисли.

Таа погледна на часовникот. Беше 19:37 часот.

Сигурно ќе има доволно време да се достави пакетот во договорениот момент.

Марла го извади пакетот со големина на кутија за чевли од багажникот. Рачно напишаната белешка на пакетот беше исто толку чудна, како и упатствата за достава.

До госпоѓа Хансен лично. Ве молам отворете го и потврдете го во присуство на лицето кое го доставе пакетот. Но не отворајте го пред 19:49 часот.

Ниту секунда порано.

Глава 3

Хансен?

Марла не познаваше никого со тоа име. Сепак, името, заедно со чудните упатства за испорака, допре до нејзината потсвест на некој тревожен начин. Неусогласениот, дури и малку иритирачки тон правеше таа да се чувствува непријатно.

„Ајде, Марла, соземи се!“ се охрабри себеси.

Пакетот имаше рачки, што го олеснуваше носењето, бидејќи тежеше речиси колку тула. Носејќи го пакетот, таа тргна преку паркингот за вработени кон зградата. Иако Марла носеше само тенка ленена блуза, шорцеви и сандали, откако помина неколку метри, беше облеана во пот. Паркингот беше обрабен со дрвја од едната страна. Нивните гранки и лисја изгледаа неподвижни. Недостатокот на ветрец го засилуваше ефектот на рерна.

Во Барселона е уште потопло, помисли таа, обидувајќи се да си ги пренасочи мислите кон времето. Марла немаше сомнение дека таму би ѝ се допаднало. Беше пресреќна кога доби е-пошта од Килијан, во која тој ѝ беше предложил да им се придружи на патувањето на матурантите за прослава по повод нивното дипломирање.

Те молам, не оставај ме сам со таа група недоделкани пијаници. Марла, ти и јас сме од ист вид. Додека тие скакаат сангрија низ сламки, ние ќе ја пресметаме брзината на протокот на течност во стеснет простор користејќи го принципот на Бернули. Како би можел да го направам тоа без твоја помош?